Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6326 | 1 | |

15:24

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-6251/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-6251/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-6251/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 06.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-6251/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг), бр.10-6251/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека во овој десетдневен период, во текот на изборната кампања, од 21 до 30 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува кратки и фактографски вести од 2-3 минути, поврзани со најактуелните случувања во земјава, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________